Ве известуваме дека **ЕКОНОМСКО ПРАВЕН КОНСАЛТИНГ ФВ** се стекна со акредитација за вршење на континуирано професионално усовршување на сметководители и овластени сметководители кое се спроведува согласно Законот за вршење на сметководствени работи, а со цел професионално и ефикасно вршење на сметководствените работи.

Акредитацијата ја додели ICC Macedonia International Chamber of Commerce The world business organization која на својата веб страна објави список на правни лица (компании) во РМ кои исто така се стекнаа со акредитација за вршење континуирано професионално усовршување - КПУ согласно спроведениот јавен повик од страна на ИЦЦ НК за Република Македонија.

Неговата цел, согласно Законот, е надградување на знаењето на сметководителите и овластените сметководители при што истото треба да го посетуваат **сите физички лица кои стекнале уверение за сметководител или овластен сметководител и се запишани во Регистарот на Институтот.**

**Сметководителите** се должни да посетат обука за КПУ од **најмалку 90 часа за период од три години, од кои најмалку 20 часа во текот на една година**.

**Овластените сметководители** се должни да посетат обука за КПУ од **најмалку 120 часа за период од три години, при што најмалку 30 часа во текот на една година** (за 2017 година).

**В**рз основа на Програмата од Институтот на сметководители и овластени сметководители, КПУ обуките ќе содржат теми и предавања чиј квалитет ќе биде контролиран од Институтот, како и вистинскиот број на присутни на истите и квалитетот на предавачите.

**С**огласно наведеното, Економско правен консалтинг ФВ започнува со одржување континуирано професионално усовршување односно обуки согласно Програмата за КПУ во текот на октомври, ноември и декември 2017 година. Програмата на обуките ќе биде прилагодена на професионалните потреби, согласно законските барања и обврски за овој период од годината.

**Н**адоместот за КПУ обуките е утврден со Одлука на Владата на РМ од 16.02.2017 година и според неа надоместот **за 1 час изнесува 250 денари плус ДДВ**, односно **за 1 работен ден од 8 часа надоместот изнесува 2.000 денари плус ДДВ. Плаќањето мора да биде извршено најмалку 3 дена пред почетокот на обуката.**

Потпирајќи се на досегашната успешна квалитетна соработка, Ве покануваме и понатаму да соработувате со нас како докажана компанија од областа на економијата и правото.

